**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 декември 1999 година**

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието.

Дозволете ми од мое и од ваше име да ги поздравам:

Претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски и неговото семејство (аплауз во салата); претседателот и членовите на Владата на Република Македонија (аплауз во салата); претседателот на Уставниот суд на Република Македонија (аплауз во салата); поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров (аплауз во салата); претседателот на Врховниот суд на Република Македонија (аплауз во салата); претседателот на Републичкиот судски совет; Јавниот обвинител на Република Македонија; претседателот на Државната изборна комисија; началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија; гувернерот на Народната банка на Република Македонија; претседателот на Македонската академија на науките и уметностите; ректорите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје и на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола; кандидатите за избор на претседател на Република Македонија и лидерите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија; поглаварот на Македонската православна црква Архиепископот Охридски и Македонски Господин Господин Стефан; претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија Хаџи Сулејман Ефенди Реџепи; Бискупот на Скопско - Призренската бискупија

д-р Јоаким Хербут; пастирот на Евангелиско методистичката црква во Република Македонија Михаил Цеков; шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и другите гости присутни на седницата.

Согласно член 81 став 9 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Републиката пред преземањето на должноста дава свечена изјава пред Собранието.

Го молам претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски да даде свечена изјава.

Ве молам да станеме. (Сите присутни во салата стануваат).

Текстот на свечената изјава гласи:

"Свечена изјава од Борис Трајковски, претседател на Република Македонија".

Ве молам повторувајте.

"Изјавувам дека функцијата претседател на Република Македонија (претседателот Борис Трајковски го повторува текстот) ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите и ќе го штитам суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија".

Го молам претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски да го потпише текстот на свечената изјава.

(Претседателот Борис Трајковски го потпишува текстот на свечената изјава).

Му го честитам на претседателот на Републиката господин Борис Трајковски преземањето на должноста и му посакувам успех во работата.

(Во салата се разлеа аплауз, а претседателот Саво Климовски се упати кон претседателот Борис Трајковски да му честита).

(Хорот на Македонската радио - телевизија ја изведе химната "Денес над Македонија се раѓа").

(По ислушувањето на химната присутните во салата седнуваат на своите места и се слушна силен аплауз).

Го молам претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски да му се обрати на Собранието и на македонската јавност.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе Глигоров, почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани гости и екселенции, почитувани граѓани на Република Македонија.

На почетокот на овој век Македонија ја доби првата Република, Крушевската. Крајот на векот и почетокот на третиот милениум од Христовото рождение го дочекавме во слободна, независна и суверена Македонија. Да го свртиме нашиот поглед кон предизвиците на следниот век и

новиот милениум. Она што ќе го сториме во периодот што е пред нас ќе го дефинира и зацврсне курсот на развојот на демократските и економските процеси на Република Македонија, како и нејзината интеграција во европските и глобалните процеси.

Преземањето на претседателската функција претставува голема чест, одговорност, но истовремено за мене и голем предизвик.

Ветувам дека како претседател на сите граѓани, без оглед на етничката, верската и партиска припадност, ќе работам заедно со вас, а се со цел Македонија во новиот милениум да стане стабилна и просперитетна европска држава, со развиена демократија, со висок степен на почитување на човековите права и слободи, со пазарна економија и со повисок животен стандард за нејзините граѓани.

Верувам дека ќе успееме во овие намери, иако на сите ни се свежи некои непријатности што се случија во текот на изборниот процес. Меѓутоа, сега не е време да живееме со ова. Најзначајно е дека сите учиме и дека демократијата победи. Неопходно е сите ние заедно, без оглед на партиската припадност, заеднички да се здружиме за добробитот на Македонија и нејзините граѓани. Се има свое време, време за раѓање и време за умирање, време за садење и време за откорнување. Време кога се плаче и време кога се смее. Време кога се тагува и време, кога се игра. Време кога се прегрнуваш и време кога се одбегнуваат прегратките. Време кога се добива и време кога се губи. Време кога се чува и време кога се растура. Време кога се сака и време кога се мрази.

Пријатели мои, сега е време за лекување и градење мир.

Дозволете ми да ја искористам оваа можност посебно да му се обратам на претседателот Глигоров, бидејќи и јас како и многу граѓани во Република Македонија, чувствувам почит кон него.

Почитуван претседателе Глигоров, вие не водевте по патот по кој Република Македонија ги избегна ужасните конфликти, човечките страдања и разрушувања во поранешна Југославија.

Вие, господине Глигоров, ни помогнавте за да го зачуваме мирот и спокојството на нашите домови и затоа, уште еднаш ви благодарам во името на сите граѓани на Република Македонија.

(Во салата одекна аплауз).

Под ваше раководство Република Македонија на мирољубив начин стана суверена, независна и респектирана држава во Меѓународната заедница.

Ви пожелувам долг живот и здравје и се надевам дека ќе соработуваме во годините што доаѓаат пред нас.

Почитувани граѓани на Република Македонија, ветувам дека ќе ја поведам Република Македонија во следниот милениум како мирна, демократска и просперитетна држава. Ја подавам мојата рака во знак на пријателство на сите кои ќе ми се придружат кон оваа благородна кауза.

Ова го правам, бидејќи верувам во Македонија, ова го правам за доброто на моето семејство и за сите семејства низ Македонија. Ова го правам затоа што потекнувам од Струмица, каде што одраснав. Ова го правам затоа што мојот татко учествуваше во Втората светска војна, а мојот дедо се бореше за интересите на Македонија. Ова го правам затоа што сум Македонец и ќе се борам за интересите на Македонија.

Претседателот, Собранието и Владата мора да соработуваат. Имаме коалициона Влада, а исто така и лојална опозиција. Може да има несогласување, но една работа останува: ние работиме заедно, во единство, во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Но сакам да истакнам дека решенијата не треба да ги бараме и очекуваме само од државата. Вие, граѓаните, сте тие кои придонесуваат за просперитетот на Република Македонија. Државата може да ни даде средства за решавање на отворените прашања, но вие, граѓаните, сте тие што ги носите решенијата. Индивидуата, индивидуалната одговорност треба да бидат насочени кон иднината. Потребно ни е ново чувство за одговорност во новиот милениум. Мораме да ја преземеме личната одговорност не само пред нас самите и нашите семејства, туку пред нашите соседи, пријатели и пред нашата држава.

Сограѓани мои, што туку дадов свечена заклетва да ја бранам Република Македонија. Стабилноста и одбраната ќе бидат мојот основен приоритет. Ќе покажам и докажам дека никој од сегашното државно раководство немал, ниту пак има намера да ја дели, распродава, федерализира или на било кој начин да ја прекројува нашата држава.

Како врховен командант ќе се потрудам нашите вооружени сили да бидат високо мобилни и технолошки опремени за ефикасна одбрана на границите и за зачувувањето на територијалниот интегритет. Нашите војници ќе ги носат униформите на Армијата на Република Македонија со

гордост.

Меѓутоа, стабилноста на државата, без сомнение, зависи и од внатрешната ситуација, која во овие простори на Југоисточна Европа, по некое непишано правило, ја детерминира степенот на хармонизација на меѓуетничките односи. Република Македонија, во изминатата деценија, често пати беше посочувана како пример за меѓуетничка толеранција. Нема да дозволам етничка омраза, шовинизам и не толеранција да ја поткопаат стабилноста на државата. Етничката разновидост претставува богатство, чие зачувување, негување и развивање треба да биде стратешка и константна определба за Република Македонија.

Меѓутоа, сакам да напоменам дека заштитата на интегритетот на државата претставува услов за кој нема компромис.

Почитувани граѓани на Република Македонија, економскиот развој на нашата земја има примарно значење. Сите ние треба заедно да работиме за подобрување на ефикасноста на искористување на постојните капацитети, на привлекување странски инвестиции и на зголемуваше на извозот. Неопходно е да продолжиме со забрзани чекори напред кон интеграција со Европската Унија, Светската трговска организација и другите меѓународни организации кои ќе ни помогнат во развојот на нашата економија.

Во наредниот период, треба интензивно да работиме на создавање нови и подобро платени работни места за сите наши граѓани. Исто така, мораме да ги сочуваме нашите високо образовни кадри, но тоа можеме да го сториме само ако обезбедиме економски просперитет. Во исто време, мораме да се прашаме колкава е цената на просперитетот. Да се потсетиме дека тоа бара напорна работа, лично залагање, чесност, интегритет и креативност. Ова е правиот пат за Македонија кон успехот. Тој треба да придонесе за зголемување и зајакнување на средната класа, која е показател на економскиот просперитет на секоја држава и која претставува најзначајниот дел од општеството за развојот на демократијата.

Почитувани граѓани на Република Македонија, веќе го споменав асоцирањето и пристапувањето кон Европската Унија, што претставува стратешка цел на Република Македонија и така нема отстапување. Нема да кажам ништо ново ако повторам дека тој пат е долг и трнлив и дека брзината на неговото изодување најмногу зависи од самите нас.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Мораме да ги покренеме сите механизми и потенцијали за да ги исполниме строгите критериуми и стандарди за влегување во заедничкиот европски дом. Република Македонија мора да биде активен чинител на меѓународен план како во билатералните, така и во мултилатералните односи. Неопходно е да водиме активна и добрососедска политика. Овој ранлив регион ќе мора да ја доживее својата целосна и трајна стабилизација. Република Македонија е центар на стабилноста со еднаква топлина ќе подаде рака на нашите пријатели во Грција, Бугарија, Албанија и Југославија. И ќе работиме заедно, бидејќи соработката и добрососедските односи заедно, со развојот на демократијата и почитувањето на човековите права ќе придонесат за стабилноста на регионот што е основа за просперитетот.

Билатералните односи со САД и со Руската Федерација се особено значајни и неопходно е да се работи на понатамошно подобрување на односите и унапредување на билатералната соработка како на политичките, така и на економските односи.

Сограѓани мои, семејството е најважниот камен темелник на секое општество. Силното семејство е основата и срж на слободното општество. Јакнеењето и негувањето на семејните вредности и семејните доблести е од најголема важност за сите нас - родителите, наставниците, верските храмови, судовите, Собранието и претседателот. Сите мора да бидат вклучени во промовирање на семејството. Во исто време образованието на нашите деца и младина претставува и иднина на Македонија.

Ерата на информативната технологија, на интернетот веќе е присутна кај нас и нашите деца и младина мора да бидат комплетно интегрирани во неа. Инвестицијата во нашите деца и во нивното образование е инвестиција во иднината на Македонија и затоа почитувани граѓани ајде да ја изградиме Македонија како држава, во која нејзините граѓани ќе можат да го реализираат целиот свој потенцијал. Смеата и радоста на нашите деца треба да е присутна во училиштето и улиците и местата каде што тие играат. Дрогата и организираниот криминал треба да исчезнат. Тоа е обврска на сите нас. Моралните вредности треба да се негуваат.

Во векот што изминува оствруивме голем прогрес и пред нас е голем просперитет кој може да го направат само луѓе со големо срце и дух. Треба да градиме мостови со кои се зближуваат разни етникуми мостови преку кои ќе се помага на послабите, старите и тие што не можат да се грижат за себе. Граѓанското општество и волонтерството ќе дадат придонес за развојот

на Македонија. Како претседател ќе го промовирам и поттикнувам натамошниот развој на невладините организации и концептот на волонтерство како начин на помагање на проблемите со кои државните органи не можат целосно да се справат или пак не треба да бидат инволвирани.

Материјалното богатство не смее да биде примарна цел на индивидуата и на општеството во целина воопшто. Ние не смееме да го загубиме чувството за моралните вредности и солидарност. Ние мораме да се грижиме за старите лица, изнемоштените и болните.

Пријатели мои, какви богатства ќе имаме на крајот од нашиот живот не е најважно. Предметите што можат да се купат со тоа богатство не го исполнуваат човекот целосно. Она кон кое треба да се свртиме е љубовта на едни кон други. Љубовта за нашите деца, за нашите сограѓани и за нашите соседи. Тоа е најважното во животот. Луѓето во Македонија имаат долга историја на страдања, но исто така имаат и долга историја на љубов и соработка. Напишано е - омразата иницира недоразбирање, но љубовта ги покрива сите грешки. Љубовта е долго трпелива, полна со добрина. Љубовта не завидува, не се фали, не се гордее. Љубовта не мисли зло, љубовта не неправда не се радува, а навистина се радува. Љубовта се извинува, во се верува, на се се надева и се претрпува. Љубовта кон своите блиски, кон нашите сограѓани ќе даде огромен придонес кон исполнување на нашите желби за подобар живот, меѓународна прифатеност и респект.

Сакам да го повикам она најдоброто во нас, во вашите срца денес заедно да го започнеме новиот век и новиот милениум.

Ќе го завршам моето инагуративно обраќање со зборовите на еден голем човек, кој ја имаше одговорноста да ги обедини повторно Соединетите Американски Држави Абрахам Линкол.

"Ние не сме лути на никој. Наместо тоа нудиме милост за сите. Како што Господ ни ја дава можноста да видиме што е исправно, а што не, да се обидеме да ја завршиме работата за која сме сега тука. Да ги залечиме раните на земјата и да водиме грижа за оние кои се меѓу нас и не се со нас денеска. Ако го сториме ова ние ќе постигнеме правда и прав мир меѓу нас самите и со сите земји".

Господ да Ве благослови, Господ да ја благослови Македонија, Благодарам. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски за неговото обраќање.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја заклучувам Триесет и првата седница на. Собранието на Република Македонија.

Дами и господа, можност да му честитате на претседателот на Република на Република Македонија господинот Борис Трајковски ќе имате во свечената сала каде што јас приредувам коктел во негова чест. Благодарам.

Ја затворам седницата.

(Седницата заврши со работа во 11,50 часот.)